Инфекции - вирусни



# Херпес симплекс (јаглина)

## Важни работи

- Херпес симплексот е честа вирусна инфекција со почетна фаза на инфекцијата и со второстепена инфекција која понекогаш се јавува
- Почетната инфекција може да не се забележи, но може да се појави во форма на болни чирови на устата, отечени жлезди на вратот и треска кај децата
- Второстепената, или повторена инфекција е позната под името јаглина и често се јавува на истото место и трае од 2 до 5 дена
- За децата кои страдаат од воспаление на кожата и кај кои ќе се јави кожна инфекција со херпес симплекс треба итно да се побара лекарска помош
- Кај повеќето почетни инфекции со херпес симплекс не е потребно лекување против вируси
- Важно е да се користат средства за заштита од сонцето за да се спречи повторувањето на нападите на јаглина на лицето
- За јаглините може да се набават кремови што дејствуваат против вируси, но со нивната употреба мора да се почне во текот на првите неколку часа од инфекцијата
- Второстепените бактериски инфекции на јаглините се чести, и за нивно спречување треба да се користат антисептички кремови и раствори

## Што е тоа?

Херпес симплексот е честа вирусна инфекција што предизвикува воспаление и пликови на ограничена површина од кожата. Првобитната (примарна) инфекција често се случува во детството. Обично инфекцијата повторно и повторно се јавува во текот на годините во вид на оток, црвенило и пликови (јаглини), што обично се јавуваат на усните и околу устата.

Првобитната инфекција може да биде незабележана. Понекогаш таа може да биде посериозна и да предизвика болни чирови на устата и зголемени и меки жлезди на вратот. Кај децата со воспаление на кожата, дополнителната инфекција со херпес симплекс може да предизвика создавање на плускавци на широки површини од телото и таквото дете мора итно да го прегледа лекар.

Повторените инфекции, или јаглините, најчесто може да бидат предизвикани од треска, од изложување на сонце или на ветар, или понекогаш од преголема напнатост. Тие почнуваат со пецкање или жежење, по кое следува воспаление (црвено, до модро или кафеаво), а потоа исприштување. Тоа се случува во текот на 24-48 часа и минува за

4-5 дена. Кај јаглините може да се јават второстепени бактериски инфекции.

**Како се спречува?**
Бидејќи херпесот лесно се пренесува, луѓето со активни јаглини треба да избегнуваат директне контакт со кожа со други, на пример, бакнување.

Користењето на заштита од сонцето, како што е облека, шапка или средство за заштита од сонцето, е значајно за да се спречи повторната појава на јаглини на лицето.

**Како се лекува?**
За првобитниот херпес симплекс обично не се користат лекови против вируси. На децата треба да им се даваат многу течности и мека храна ако има испричштување во устата. Ако приштовите или чировите се болни, или ако се јави треска, потребно е да се земе само благо средство за ублажување на болката, како што е парацетамолот.

Има многу кремови и лосиони против јаглини. Меѓутоа, за повторуваните напади нема лек. За среќа, со текот на времето нападите обично се случуваат поретко и стануваат поблаги.

Во текот на првите неколку часа треба да се употреби специфичен производ против вируси што се купува од аптека, за да се олесни нападот на јаглина. Треба да почнете со користење на антисептички раствор или крем за да се спречи настанувањето на бактериска инфекција на јаглината.

**Натамошни информации**
Вашата медицинска сестра за здравјето на мајките и децата.
Вашиот аптекар.
Вашиот семеен лекар.
Лекар специјалист за кожни болести - дерматолог.

© 2002, Department of Dermatology, St. Vincent's Hospital Melbourne, Victoria Parade, Fitzroy, Victoria 3065 Australia.